Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 46/2
29. 01. 2024 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 29-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 25.12.2023 година, со почеток во 16.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од 28-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Буџет на општина Градско за 2024 година.
3. Предлог- Одлука за извршување на Буџетот на општина Градско за 2024 година.
4. Предлог- Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година.
5. Предлог- Буџетски календар за 2024 година.
6. Предлог- Одлука за доделување награди по повод Денот на општина Градско 16-ти Декември.
7. Предлог- Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно земјиште на територијата на општина Градско.
8. Предлог- Одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште на територијата на општина Градско.
9. Предлог- Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ЈКП "Клепа" Градско за 2024 година.
10. Предлог- Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Градско за 2024 година.
11. Предлог- Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Финансискиот план на ЈКП "Клепа" Градско за 2024 година.
12. Разгледувања на барања и поднесоци
13. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 29-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 28-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 28-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 28-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 28-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Буџет на општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова, вкупната сума ни ја дава министерство за финансии, односно согласно Законот за финансирање на ЕЛС општината има ограничување во планирањето на приходите, може да се зголими доколку има решение, договор и сл. Планирани извори на приходи се од даночни приходи, неданочни приходи,

капитални приходи и трансфери донации. Има зголемени блок дотации, а исто така има и зголемување кај сопствените приходи. Трансфери и донации имаме од ЈПДП 1.800.000,00 денари, средства кои се наменски за патишта и улици. Во однос на расходите имаме планирано за присуство на седница на совет, А0-трансфери кон ЈКП за електрична енергија, трансфери за стипендии. Д0- има зголемување на платите, расходи за репрезентација, трошоци за еднократна парична помош, со првиот ребаланс ќе предвидиме за регрес за годишен одмор и за времените вработувања. Ј3- за јавното осветлување, Ј4- за јавната чистота, Ј6- за заштита на локалните патишта и улици, за одржување на паркови и зеленило, Ј8- ДДВ, ЈА- за јавно приватно партнерство, ЈД- изградба на патишта и улици (веќе се реализира модернизарија на централното подрачје). За павловден ќе се обезбедат средства после изборите со ребаланс. Н1 е буџетот за училиштето. Иако на форумите се уште не е избран проект мораше да се предвидат средства. Ќе треба да се предвидат средства и за скипот поради тоа што проектот ни е одобрен.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Буџетот на општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско го усвои Буџетот на општина Градско за 2024 година.

*3.Одлука за извршување на Буџетот на општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Елена Смилкова- секоја година заедно со буџетот се носи и Одлуката за извршување, опишано е подетално, сите исплати кон физички лица.

Боне Спасовски- во член 18 нели се малку предвидените средства.

Елена Смилкова- според закон е помалку, ова е согласно со колективниот договор и е зголемено. Не може да се стави нешто што е надвор од закон. Министерството за финансии дава согласност, се повикуваме на еден колективен договор.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за извршување на Буџетот на општина Градско за 2024 година.

*4.Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Елена Смилкова- се носи секоја година иако нема измени.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година.

*5.Буџетски календар за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Елена Смилкова- буџетскиот календар значи постапка за носење на буџетот. Добро е да се развие и во Нацрт буџет и да биде презентиран пред граѓаните, но од Министерство за финансии касно ни доставија информации и немаше време.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Буџетскиот календар за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Буџетскиот календар за 2024 година.

*6.Одлука за доделување награди по повод Денот на општина Градско 16-ти Декември.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за доделување награди по повод Денот на општина Градско 16-ти Декември.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за доделување награди по повод Денот на општина Градско 16-ти Декември.

*7.Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно земјиште на територијата на општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно земјиште на територијата на општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот и за утврдување вредност на градежно земјиште на територијата на општина Градско.

*8.Одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште на територијата на општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште на територијата на општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште на територијата на општина Градско.

*9. Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ЈКП "Клепа" Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Ванчо Цветков директор на ЈКП„Клепа". Нема разлика од предходната програма, освен за нова каптажа во Виничани за во летниот период кога е најпроблематично и ако не помине поставувањето на фотоволтаици на пумпите преку форумите ќе пробаме со помош на општина Градско.

Јованче Стојанов- дали има реална шанса преку форумот да се наместат фоволтаици на пумпите.

Ванчо Цветков- има, но има технички пречки кои се толкуваат на различен начин. Поради тоа што пароте ги дава странски инвеститор треба да се види што точно ќе бараат. Постои опција за градење на куќички- коннструкција.

Јованче Стојанов- тоа би било за сопствена употреба.

Ванчо Цветков- да 40-50% би се намалиле трошоците.

Јованче Стојанов- до следниот форум имаме време од еден месец, средства за осветлување ќе се најдат, нема дилема кој проект да биде. Нека отпадне една пумпа ако нема доволно средства.

Мирјана Ѓорѓиева- најприоритетно сега е тоа.

Ванчо Цветков- наредна година треба да дадиме реален извештај, а врз основа на тоа регулаторна ќе даде повисока цена за водата.

Јованче Стојанов- кој е компетентен да каже дали може или не може да се постават фотоволтајците и дали има некој таков пример од околните општини.

Ванчо Цветков- би требало правник да каже. Има општина Кавадарцо но со сопствени средства.

Јованче Стојанов- да се тргне од некаде, на пример од ЕВН.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ЈКП "Клепа" Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на ЈКП "Клепа" Градско за 2024 година..

*10. Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Ванчо Цветков- оваа Програма ја правиме по барање на МЖСПП. Ни побараа со какви возила располагаме и со која динамика се собира сметот. Треба да се склучи договор со лице кое што има лиценца за управување со отпад, 2.000,00 денари се плаќа месечно.

Јованче Стојанов- колку кошта да се извади таква лиценца.

Ванчо Цветков- околу 1000 евра и после тоа има обновување на лиценцата. Помалите ЈКП склучуваат договор со лице.

Мирјана Ѓорѓиева- до каде е со предлогот за во Подлес и во другите населени места да им се наплаќа на тие што имаат викендици.

Јованче Стојанов- прават повеќе смет за викенд отколку жителите.

Ванчо Цветков- треба да се донесе одлука на совет.

Мирјана Ѓорѓиева- за наредна седница да се достави список со такви лица и да се види.

Сеат Сулковиќ- што стана со должниците.

Ванчо Цветков- прво одиме со разговор, некои со договор па со оптужување но тешко оди. Од страна на инспекторот ни беше кажано дека должни сме да ги оптужиме.

Јованче Стојанов- и старите ако ги оптужиле сега немало да имаат толку долг, ако било навреме немало да дојде до оваа ситуација.

Ванчо Цветков- да се донесе одлука за отпис на страите побарувања, тоа се нереални побарувања и само се влечат.

Маја Андовска- има ли некој дефект, во Долно Градско немаше вода.

Ванчо Цветков- пумпата е на хидрофор систем и е уклучена на база на боца 300л е сакам да ја сменам со 500л. За да нема проблем сакам да ја приклучам од базентот.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Градско за 2024 година.

*11. Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Финансискиот план на ЈКП "Клепа" Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Ванчо Цветков- прва година е да се изготвува финансиски план, 50% отпаѓа на струјата.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Финансискиот план на ЈКП "Клепа" Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Финансискиот план на ЈКП "Клепа" Градско за 2024 година.

*9.Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Даниела Димитрова за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

б) Барање од Ѓорѓи Сојменов за доделување парична помош за новороденче.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

в) Барање од Здружение на глуви и наглуви за доделување еднократна парична помош.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување еднократна парична помош.

г) Барање односно достава на предлози за буџетот на општина Градско за 2024 година од страна на Институтот за истражување и анализа на политики- Ромалитико.

Киро Нацков- станува збор за невладина ромска организација финансирана од УСАИД. Дојдоа од Неготино понудија соработка каде што претежно има ромско население поточно за Стопанството. Приоритет се улиците. Начинот на функционирање е општината изготвува проекти, а финансирањето е 60% општината и 40% Ромалитико со пари од УСАИД. Нашите програми поминаа, работата до изборите е завршена, до 8 мај да изготвиме проекти и по завршување на изборите да изградиме една улица.

Јованче Стојанов- нормално не може сите наеднаш да се изградат. Улицата од кај шпирката ќе оди ли со патот до Виничани.

Киро Нацков- да, за таа се уште трае тендерската постапка, до 10 јануари да ја завршат евалуацијата.

Јованче Стојанов- ако го поминиме значи дека прифаќаме, а бараат три улици.

Киро Нацков- не бараат сите наеднаш да се направат, не може да не присилат ако немаме средства. Условите што ги нудат се добри зошто на ги искористиме, би се реализирале есента.

Даниел Мирчов- има ли сакаде канализација.

Киро Нацков- има.

По разгледување на барањето советниците едногласно го прифатија барањето за соработка со Институтот за истражување и анализа на политики- Ромалитико.

*10.Разно*

Боне Спасовски- имам побарано многу работи, само кај гробиштата има ставено контејнер и врбата е исечена, За гробиштата не е пробиен патот, кај пругата нема осветлување и за црквата во Свеќани ништо. Побарав да се вработи лице со даунов синдром, одговор нема. Зошто не ја свикавте комисијата за доделување на наградите.

Мирјана Ѓорѓиева- Јованче е претседател на таа комисија, на последната седница градоначалникот праша за предлози, сите се согласивме.

Боне Спасовски- имаше 10-на предлози, а 4 се наградија. Во врска со гостите и лани и оваа година зошто не не викнавте и нас. Тоа треба да се среди.

Киро Нацков- во право си.

Јованче Стојанов- за црквата во Свеќани треба да се види културно наследство е дали може да се чепка.

Боне Спасовски- сум прашал, 10см изолација на кровот друго не чепкаме. Како што е приоритет манастирот во Чичево, зошто да не се стави и црквата во Свеќани на календарот.

Тоше Петревски- ако ги ставаме така сите, нема место за сите.

Боне Спасовски- ако Свеќани не е пусто друго ќе се гледа.

Сеат Сулковиќ- ако одиме реално треба да се гледа за сите верски заедници исто. Ние ќе побараме да се направи минаре, имаме средства треба дозвола од општината.

Слободан Бошков- образложение за хуманист зошто не се усвои. Ако беше причината да не биде истото лице ќе предложевме друго лице. Да им се даде почит, има приближно 200 крводарители.

Киро Нацков- до сега се што се има побарано за крводарителите се е дадено. Сакав да не се повторува наназад 3-4 години, да не бодат исти лица. Грешка е што не побарав друго лице.

Слободан Бошков- лицето било наградено за над 75 пати сега е веќе над 100 дарувања. Треба мотивација, има и други кои се приближно до 100, а во врска со наградените се во ред, постигнале нешто.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 29-та седница во 17:30 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева